47087

„Дневник", 5.10.2000., 1371

УМЕТНИЧКИТЕ ДЕЛА И НИВНАТА СУДБИНА

# Околу 150 уметнички дела исчезнати од Младинскиот културен центар

## Никој во МКЦ не знае за кои дела и автори станува збор и каде сега се наоѓаат тие

ОГНЕНА ПОП АНДОНОВА

Од Младинскиот културен центар се „исчезнати" околу 150 уметнички дела на уметници што имале изложби во Галеријата. Никој во МКЦ не знае за кои дела и автори станува збор и каде се тие сега. Директорот Кочо Божиновски е категоричен дека откако стапнал на таа функција, во сопственост на МКЦ не затекнал ниту едно уметничко дело.

- Во Младинскиот културен центар не постои никаква колекција на подарени дела, која сега сигурно би имала повеќе од сто. Досега воопшто не се водела евиденција за тоа од кој автор е добиено некое дело, иако од формирањето на МКЦ (повеќе од дваесет години) е практика секој уметник што изложува да подари по



Никој не го знае патот на подарените дела

едно дело во институцијата во која изложува - рече Кочо Божиновски директор на Младинскиот културен центар.

Според Миле Јаневски, програмски директор на МКЦ, „досега во МКЦ се организирани повеќе од 250 изложби и во случај половината да биле изложби на скулптури, фотографии, перформанси, видеоарт, колекцијата на МКЦ треба да има богата и вредна збирка уметнички дела".

- Евиденција не се водела, веројатно заради избегнување даноци. Не смее да се дозволи одредени личности што работеле или работат во МКЦ да ги присвојуваат сликите - категоричен е Јаневски.

Во МКЦ нема никакви услови за чување на делата, смета организаторката на уметничката дејност Зорица Лојпур Богдановска. „Делата не треба да бидат во затворени простории туку треба да им се обезбедат посебни услови. Во Галеријата отсекогаш биле организирани изложби на млади уметници, на кои тоа им било прва изложба. Факт е дека младите уметници за првата изложба одвај составуваат некаков опус од повеќе дела и не се во можност да подарат свое дело на некоја институција - рече Лојпур Богдановска. ■